ЗЕЛС
BNJVL

# ГЛАСИЛО
# GAZETË

Април 2022
Prill 2022

50 години заедно со општините
vite bashkë me komunat

ЗЕЛС
BNJVL

## ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## BNJVL

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT



**Почитувани,**

Точно пред 50 години, на 26 април 1972 година е основана тогашната Заедница на општините и градовите на Македонија (ЗОГМ). Мал е бројот на асоцијации што можат да се пофалат со ваква импозантна бројка на сопствено континуирано градење и развивање. По повод овој значаен јубилеј на ЗЕЛС, беше организирана свеченост со наслов „ЗЕЛС 50 години заедно со општините" на која присуствуваа актуелните градоначалници и претставници од Комитетот на советите при ЗЕЛС, повеќе министри и заменици-министри од Владата на РСМ, високи претставници од дипломатскиот кор, како и значајни личности кои со своите заложби придонеле за досегашниот развој на ЗЕЛС и на процесот на децентрализација на власта во нашата земја. Пред присутните се обратија: претседателката на ЗЕЛС, Данела Арсовска, премиерот на Владата на РСМ, Димитар Ковачевски, амбасадорката на САД, Кејт Мери Брнз и претставникот на Делегацијата на ЕУ во нашата земја, Штефен Худолин. Свеченоста беше збогатена со детската ликовна изложба на ученици од четврто одделение кои твореа на темата „Мојата општина - мој сакан дом".

Управниот одбор, на својата шеста седница, што ја одржа на 13 април 2022 година, констатира дека најсоодветно е на истиот ден од прославата на јубилејот на ЗЕЛС да се организира и втората седница на Генералното собрание. Делегатите на Собранието ги разгледаа и ги усвоија значајните документи од финансиското работење и реализацијата на активностите на Заедницата за 2021 година. Беше упатен апел за поголема вклученост на општините при разгледувањето на иницијативите, барањата, предлог-законските решенија доставени од ЗЕЛС. Исто така, присутните беа подетално информирани за активностите на Управниот одбор на ЗЕЛС за изминатите шест месеци. Најголемо внимание беше посветено на изнаоѓање на решенија за предизвиците од негативното влијание на енергетската криза, која и понатаму претставува сериозна закана за планираниот развој и за ликвидноста на речиси сите општини. Беа посочени и другите активности на УО, како ревидирањето на Систематизираните ставови на ЗЕЛС, најзначајниот документ на Заедницата во кој се опфатени сите приоритетни прашања на единиците на локалната самоуправа, како и новиот Предлог-меморандум за соработка со Владата, бидејќи постоечкиот е склучен пред 19 години. Овој документ е доставен до Владата на разгледување.

Во овој период, седница одржа и Надзорниот одбор кој упати апел до општините да ја плаќаат членарината, а оние што имаат долгови по овој основ, редовно да ги подмируваат, бидејќи најголемиот дел од приходите на ЗЕЛС се генерираат токму од овој надомест. Во континуитет течеа и одредени обуки за општинската администрација, особено од областа на социјалната заштита. За сето ова поопширно може да прочитате во овој број на Гласило на ЗЕЛС.

Со почит,

**Душица Перишиќ,**
извршен директор на ЗЕЛС

**Të nderuar,**

Pikërisht para 50 vjetësh, më 26 prill 1972, është themeluar Bashkësia e atëhershme e komunave dhe qyteteve të Maqedonisë (BKQM). I vogël është numri i asociacioneve që mund të lavdërohen me një numër kaq impozant të ndërtimit të vazhdueshëm dhe zhvillimit. Me rastin e këtij jubileu të rëndësishëm të BNJVL-së, u organizua solemnitet me titull „BNJVL 50 vjet së bashku me komunat", në të cilin morrën pjesë kryetarët aktualë të komunave dhe ministrat e Qeverisë së RMV, përfaqësues të lartë nga kori diplomatik, si dhe personalitete të rëndësishme të cilët me përpjekjet e tyre kanë kontribuar në zhvillimin e deritanishëm të BNJVL-së dhe të procesit të decentralizimit të pushtetit në vendin tonë. Para të pranishmëve u drejtuan: kryetarja e BNJVL-së Danella Arsovska, kryeministri i Qeverisë së RMV, Dimitar Kovaçevski, ambasadori i SHBA-ve Kejt Meri Bërnz dhe përfaqësuesi i Delegacionit të BE-së në vendin tonë, Shtefen Hudolin. Solemniteti u pasurua me ekspozitën artistike të nxënësve të klasës së katërt të cilët krijuan mbi temën „Komuna ime – shtëpia ime e dashur".

Bordi drejtues, në seancën e gjashtë të tij, që u mbajt më 13 prill 2022, konstatoi se më e përshtatshme është që në ditën e njëjtë të kremtimit të jubileut të BNJVL-së të organizohet edhe seanca e dytë e Kuvendit Gjeneral. Delegatët e Kuvendit i shqyrtuan dhe miratuan dokumentet e rëndësishme nga puna financiare dhe realizimi i aktiviteteve të Bashkësisë për vitin 2021. U apelua për përfshirje më të madhe të komunave gjatë shqyrtimit të iniciativave, kërkesave, propozim-aktvendimeve ligjore nga BNJVL. Gjithashtu, të pranishmit më detajisht u informuan për aktivitetet e Bordit drejtues të BNJVL-së për gjashtë muajt e kaluar. Vëmendje më e madhe i'u përkushtua gjetjes së zgjidhjeve për sfidat nga ndikimi negativ i krizës energjetike, që edhe mëtej paraqet rrezik serioz për zhvillimin e planifikuar dhe për likuiditetin e pothuajse të gjitha komunave. U përmendën edhe aktivitete tjera të BD, si revidimi i Qëndrimeve të sistematizuara të BNJVL-së, dokument më i rëndësishëm i Bashkësisë në të cilin janë përfshirë të gjitha çështjet prioritare të njësive të vetëqeverisjes lokale, si dhe Propozim-Memorandumi i ri për bashkëpunim me Qeverinë, pasi që memorandumi ekzistues është lidhur para 19 vitesh dhe është dërguar për shqyrtim në Qeveri.

Në këtë periudhë, seancë mbajti edhe Bordi mbikëqyrës i cili u apeloi komunave të paguajnë anëtarësinë, ndërsa ato komuna të cilat kanë borxhe në këtë bazë, rregullisht t'i paguajnë, pasi që pjesa më e madhe e të ardhurave të BNJVL-së gjenerohet pikërisht nga ky kompensim. Në vazhdimësi rrodhën edhe trajnime të caktuara për administratën komunale, veçanërisht nga lëmia e mbrojtjes sociale. Për të lartpërmendurën më gjerësisht mund të lexoni në këtë numër të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,

**Dushica Perishiq,**
drejtor ekzekutiv i BNJVL-së

---


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Арта Абази
**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и подготовка и печатење:** Европа 92

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema-Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska-Dinkovska
**Përkthim:** Arta Abazi
**Lektoron:** Valentina Velikova
**Dizajnim dhe përgatitje shtyp:** Evropa 92

## УПРАВНИОТ ОДБОР ЈА УТВРДИ СОДРЖИНАТА НА ПРЕДЛОГОТ ЗА НОВ МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ВЛАДАТА НА РСМ И ЗЕЛС

Управниот одбор на ЗЕЛС, на 13 април 2022 година, ја одржа шестата седница на која беа разгледани одредени прашања што се однесуваат на лобирањето на ЗЕЛС за решавање на предизвиците на локалната власт, а беа донесени и заклучоци поврзани со административното работење на ЗЕЛС. Со оглед дека на 26 април, оваа година, ЗЕЛС ќе организира свечен настан за одбележување на 50-годишнината од основањето, Управниот одбор констатираше дека е најсоодветно, на истиот ден да се организира и втората седница на Генералното собрание на ЗЕЛС. Присутните членови на Управниот одбор беа информирани за текот на подготовките за свеченоста за одбележување на јубилејот - 50 години од основањето, при што беше предложено настанот да биде збогатен и со потпишување на нов меморандум за соработка меѓу Владата на РСМ и ЗЕЛС. Постојниот Меморандум за соработка е склучен речиси пред 19 години, односно на 5 март 2003 година и ги надмина целите што требаше да се постигнат со него. Новиот меморандум претставува израз на континуитетот на досегашната соработка меѓу централната и локалната власт и ќе даде нова форма на нивното натамошно договарање, во насока на јакнење на системот на локалната самоуправа во нашата држава и продлабочување на процесот на децентрализација. Во него се дефинира потребата за одржување на заедничка средба меѓу претставници на Владата на РСМ и претставници на ЗЕЛС најмалку еднаш во годината, каде што ќе се дискутира за сите актуелни предизвици и потребни реформи на процесот на децентрализација на власта, а најмалку еднаш годишно треба да се организира и тематска средба на која ќе биде разгледуван Буџетот на РСМ, во делот за обезбедување средства за блок дотациите за локалната власт. И со новиот меморандум се предлага да продолжи практиката сите законски измени

## BORDI DREJTUES PËRCAKTOI PËRMBAJTJEN E PROPOZIMIT PËR MEMORANDUM TË RI PËR BASHKËPUNIM MIDIS QEVERISË SË RMV DHE BNJVL-SË

Bordi drejtues i BNJVL-së më 13 prill, 2022, mbajti seancën e gjashtë në të cilën u shqyrtuan çështjet që i referohen lobimit të BNJVL-së për zgjidhjen e sfidave të pushtetit lokal, ndërsa u miratuan edhe konkluzione lidhur me punën administrative të BNJVL-së. Duke pasur parasysh se më 26 prill, të këtij viti BNJVL do të organizojë ngjarje solemne për shënimin e 50 vjetorit nga themelimi, me ç'rast u propozua që më e përshtatshme është të organizohet edhe seanca e dytë e Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së. Të pranishmit në Bordin drejtues u informuan për rrjedhën e solemnitetit për shënimin e jubileut – 50 vite nga themelimi, me ç'rast u propozua ngjarja të pasurohet edhe me firmosjen e Memorandumit për bashkëpunim midis Qeverisë së RMV dhe BNJVL-së, pasi që Memorandumi ekzistues është lidhur pothuajse para 19 vitesh, respektivisht më 5 mars, 2003 dhe se ky memorandum i ka tejkaluar qëllimet që është dashur të arrihen me të, prandaj është i nevojshëm të lidhet Memorandum nga i cili do të rrjedhë metodologji e re dhe formë e re e bashkëpunimit të përbashkët ndërmjet BNJVL-së dhe Qeverisë me qëllim të përforcimit të sistemit të vetëqeverisjes lokale në vendin tonë dhe thellimit të procesit të decentralizimit. Në të është përcaktuar nevoja për takim të përbashkët ndërmjet përfaqësuesve të Qeverisë së RMV dhe përfaqësuesve të BNJVL-së së paku një herë në vit për të diskutuar mbi të gjitha sfidat aktuale dhe reformat e nevojshme në procesin e decentralizimit të qeverisë, dhe së paku një herë në vit duhet të organizohet dhe një takim tematik në të cilin do të diskutohet për Buxhetin e RMV, në pjesën e sigurimit të fondeve për bllok grantet për pushtetin lokal. Me Memorandumin e ri, propozohet vazhdimi i praktikës së të gjitha ndryshimeve ligjore apo miratimi i akteve







или донесување на нови закони и подзаконски акти со кои се опфаќаат надлежностите на локалната власт, да бидат претходно доставени на разгледување од ЗЕЛС, односно за нив да се отвори широка дебата во сите единици на локалната самоуправа. Присутните го прифатија Предлог-меморандумот за соработка, а стручната служба на ЗЕЛС доби задача веднаш да го достави на разгледување до Владата на РСМ.

**Секоја општина навремено и целосно да ја исплаќа членарината кон ЗЕЛС – еден од заклучоците на УО, по усвојувањето на Финансискиот извештај за 2021 година**

Управниот одбор на ЗЕЛС, на оваа седница, едногласно го усвои и Финансискиот извештај на ЗЕЛС за 2021 година, што потоа се доставува на разгледување и од Генералното собрание. Присутните беа детално запознаени со приходите и со расходите на ЗЕЛС реализирани во минатата година. Притоа беше посочено дека приходите на ЗЕЛС доминантно се обезбедуваат од членарината на сите единици на локалната самоуправа и беше посочено дека секоја општина треба навремено и целосно да ја подмирува членарината кон ЗЕЛС. Со пописот на населението и домаќинствата што беше спроведен во текот на 2021 година, произлезе намалување на вкупното население во државата, а согласно со методологијата на пресметка на висината на членарината на општините кон ЗЕЛС (членарината се плаќа врз основа на бројот на жители во секоја општина) во текот на 2023 година ќе дојде до намалување на приходите за речиси 10 %, па долгорочно треба да се размислува на кој начин би требало да се надомести овој недостаток. Како една од солуциите е зголемување на членарината, прашање за кое може конкретно да се дискутира во претстојниот период. Исто така, беше посочено дека минатата година беше прилично неактивна заради организирањето на локалните избори и заради ситуацијата со ковид-19, што се одрази и на реализацијата на предвидените активности на ЗЕЛС. Пред Управниот одбор беше презентиран и Ревизорскиот извештај за финансиското работење на ЗЕЛС за 2021 година, каде што е посочено дека финансиските извештаи во сите материјално значајни аспекти ја презентираат реално финансиската состојба во Заедницата во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации.

ligjore dhe nënligjore të reja që i mbulojnë kompetencat e pushtetit lokal, të cilat paraprakisht do të dërgohen në shqyrtim nga BNJVL, gjegjësisht të hapet një debat i gjerë në to, të gjitha njësitë. të vetëqeverisjes lokale. Të pranishmit e pranuan Propozim-Memorandumin për bashkëpunim, ndërsa shërbimi profesional i BNJVL-së u obligua që menjëherë t'a dërgojë për shqyrtim në Qeverinë e RMV.

**Çdo komunë në kohë dhe në tërësi t'a paguajë anëtarësinë ndaj BNJVL-së – një ndër konkluzionet e BD, pas miratimit të Raportit financiar për vitin 2021**

Bordi drejtues i BNJVL-së, në këtë seancë, unanimisht miratoi Raportin financiar të BNJVL-së për vitin 2021, i cili më pas e dërgon për shqyrtim në Kuvendin Gjeneral. Të pranishmit u njohën në detaje me të hyrat dhe shpenzimet e BNJVL-së të realizuara në vitin e kaluar. U theksua se të hyrat e BNJVL-së kryesisht sigurohen nga anëtarësia e të gjitha njësive të vetëqeverisjes lokale dhe në këtë drejtim u theksua se çdo komunë duhet t'ia paguajë BNJVL-së në kohë dhe në mënyrë të plotë. Regjistrimi i popullsisë dhe amvisërive që është bërë gjatë vitit 2021 ka rezultuar me zvogëlim të numrit të përgjithshëm të popullsisë në vend, dhe sipas metodologjisë për llogaritjen e shumës së anëtarësimit të komunave në BNJVL (anëtarësimi paguhet në bazë të numrit të banorët në çdo komunë) në Gjatë vitit 2023 të ardhurat do të ulen me gati 10%, kështu që në afat të gjatë duhet të mendojmë se si duhet kompensuar kjo mangësi, dhe si një nga zgjidhjet është rritja e kuotës së anëtarësimit, një problem që mund të diskutohet në mënyrë specifike. Në periudhën e ardhshme. Gjithashtu u theksua se viti i kaluar ishte mjaft joaktiv për shkak të organizimit të zgjedhjeve lokale dhe situatës me KOVID-19, e cila u reflektua në realizimin e aktiviteteve të planifikuara të BNJVL-së. Bordit drejtues i është prezantuar Raporti i auditimit për punën financiare të BNJVL-së për vitin 2021, në të cilin thuhet se pasqyrat financiare në të gjitha aspektet materialisht të rëndësishme paraqesin gjendjen reale financiare në Bashkësi konform Ligjit për kontabilitetin e organizatave jofitimprurëse.





### Со реални показатели за утврдување на потребата од воведувањето на централен информациски систем за управување со постапките за даноци на имот

Под точка разно, присутните повторно се навратија на иницијативата за воведувањето на централен информациски систем за управување со постапките за даноци на имот. Со системот, во голем обем би се зголемила ефикасноста на собирањето и зголемувањето на приходите на општините по овој основ, а ќе се зголеми и транспарентноста на целиот процес. За оваа цел, заради првичен увид во состојбите со ефикасноста на водење на даночните постапки по општини, ЗЕЛС се обрати до сите единици на локалната самоуправа со барање за доставување на податоци за бројот на вработени во оваа област и број на издадени решенија за данок на имот за правни и физички лица. Процесот на прибирање на податоците, што ќе послужат за анализа и добивање реални показатели е во тек, а Управниот одбор ќе може да ја разгледа анализата на следната седница.

### Me tregues real për përcaktimin e nevojës nga vendosja e sistemit qendror informatik për menaxhim me procedurat për tatime të pronës

Nën pikën të ndryshme, të pranishmit sërish u kthyen në iniciativën për themelimi i sistemit qendror informatik për menaxhim me procedurat për tatim të pronës. Me këtë sistem në vëllim të madh të rrisë efikasitetin, do t'i rrisë të ardhurat e komunave mbi këtë bazë, ndërsa procesin do t'a bëjë më transparent. Për këtë qëllim, për shkak të njohjes fillestare të gjendjes me efikasitetin e menaxhimit të procedurave tatimore nga komunat, BNJVL i'u drejtua të gjithëve me kërkesë për dorëzim të të dhënave. Procesi i mbledhjes të të dhënave të cilët do të shërbejnë për analizë dhe për të fituar treguesit realë është në rrjedhë, ndërsa Bordi drejtues do të mund të shqyrtojë analizën në seancën e ardhshme.

## РЕДОВНО ПЛАЌАЊЕ НА ЧЛЕНАРИНАТА – АПЕЛ ОД НАДЗОРНИОТ ОДБОР ДО ОПШТИНИТЕ

Надзорниот одбор на ЗЕЛС, на 26 април 2022 година, ја одржа втората седница на која беа усвоени трите документи кои се однесуваат на финансиското работење и активностите на ЗЕЛС во 2021 година. Пред присутните членови на ова тело беа презентирани: Годишниот наративен, Финансискиот и Ревизорскиот извештај на ЗЕЛС за 2021 година. Во однос на приходната страна, беше нагласено дека согласно со анализите, најголемиот дел од приходите на ЗЕЛС (75 %) се генерирани од членскиот надоместок од општините, каде што наплатата не е на задоволително ниво. Долгот по овој основ изнесува над 35 милиони денари. Беше посочено дека членките на ЗЕЛС, треба редовно и целосно да ја плаќаат членарината кон ЗЕЛС, а оние што имаат долг кон ЗЕЛС по овој основ, имаат можност да ги користат сите механизми, особено потпишување на спогодби со ЗЕЛС за отплата на долгот на рати, со цел тој да се намали. Во однос на расходите, од минатата година се забележува дефицит кој беше покриен од заштедите од претходните години и ова генерално се должи на неизвесноста со активностите заради пандемијата и дел како резултат на одржувањето на локалните избори.

## PAGESA E RREGULLT E ANËTARËSISË – APEL NGA BORDI MBIKËQYRËS NDAJ KOMUNAVE

Bordi mbikëqyrës i BNJVL-së më 26 prill, 2022, mbajti seancën e dytë në të cilën i miratuan tre dokumente të cilat kanë të bëjnë me punën financiare dhe aktivitetet e BNJVL-së në vitin 2021. Para anëtarëve të pranishëm në këtë trup u prezantuan: Raporti vjetor narrativ, Raporti financiar dhe Raporti i revizionit i BNJVL-së për vitin 2021. Sa i përket të të hyrave u theksua se konform analizave, pjesa më e madhe të hyrave të BNJVL-së (75%) gjenerohet nga kompensimi i anëtarësisë nga komunat, ku arkëtimi nuk është në nivel të kënaqshëm. Borxhi mbi këtë përmban mbi 35 milion denarë. U përmend se anëtaret e BNJVL-së, kanë mundësi t'i shfrytëzojnë të gjitha mekanizmat, veçanërisht firmosja e marrëveshjeve me BNJVL-në për pagesën e borxhit në këste, me qëllim që i njëjti të zvogëlohet. Lidhur me shpenzimet, nga viti i kaluar shënohet deficit që duhet të mbulohet nga kursimet nga vitet e kaluara dhe kjo kryesisht është rezultat i gjendjes së pasigurtë me aktivitetet për shkak të pandemisë dhe pjesërisht si rezultat i zgjedhjeve lokale.





## „УЛОГАТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО ПРОЦЕСОТ НА КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗАСНОВАНИ НА ДОКАЗИ“

„Улогата на Општинскиот совет за социјална заштита во процесот на креирање на локални политики засновани на докази“ беше темата на обуката што ја организираше ЗЕЛС во просториите на административната зграда во ЗЕЛС тренинг центарот на 5 и на 14 април 2022 година. Околу 50 претставници од општинската администрација, одговорни за социјалната заштита, присуствуваа на оваа средба каде што имаа можност да дискутираат на темите поврзани со надлежностите на локалната самоуправа што произлегуваат од Законот за социјална заштита. Фокусот беше ставен на потребата од воспоставување на општински совет за социјална заштита, чија улога е да ги следи состојбите во оваа област и да даде придонес кон креирање на соодветни локалните политики и мерки за специфичните потреби на овие категории на граѓани. Приоритет за општината е да ги идентификува социјалните проблеми и ранливите групи во заедницата, односно да обезбеди релевантни податоци за нив.



За намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, општините треба да се фокусираат на превенирање на можностите за настанување на ваквите категории на граѓани, особено преку обезбедување на соодветни социјални мерки во областа на образованието, вработувањето, стипендирањето, домувањето и други. Општините, во согласност со Законот, можат да обезбедат и други права и социјални услуги во областа на социјалната заштита, како и средства за нивна имплементација. Дадена е прилично широка можност општината самостојно да одлучи кои социјални услуги се најсоодветни за потребите од оваа категорија на граѓани од нивната општина.



## „ROLI I KËSHILLAVE KOMUNALE PËR MBROJTJE SOCIALE NË PROCESIN E KRIJIMIT TË POLITIKAVE LOKALE TË BAZUARA NË DËSHMI“

„Roli i Këshillave komunale për mbrojtjen sociale në procesin e krijimit të politikave lokale të bazuara në dëshmi“ ishte temë e trajnimit që e organizoi BNJVL në hapësirat e ndërtesës administrative në Qendrën e trajnimeve të BNJVL-së më 5 dhe 14 prill, 2022. Rreth 50 përfaqësues nga administrata komunale, përgjegjës për mbrojtje sociale morrën pjesë në këtë takim ku patën mundësi të diskutojnë në tema lidhur me kompetencat e vetëqeverisjes lokale që rrjedhin nga Ligji për mbrojtje sociale. Fokusi i'u vendos nevojës nga themelimi i këshillit komunal për mbrojtje sociale, roli i së cilit është t'i ndjekë gjendjet në këtë lëmi dhe të jep kontribut drejt krijimit të politikave adekuate lokale dhe masave për nevojat specifike të këtyre kategorive të qytetarëve. Prioritet për komunat është të identifikojë problemet sociale dhe grupet e rrezikuara në bashkësi, respektivisht të sigurojë të dhëna relevante mbi të njëjtat.



Për të reduktuar varfërinë dhe përjashtimin social, komunat duhet të fokusohen në parandalimin e shfaqjes së kategorive të tilla të qytetarëve, veçanërisht duke ofruar masa të duhura sociale në fushën e arsimit, punësimit, bursave, banimit dhe të tjera. Komunat, në pajtim me Ligjin, mund të ofrojnë të drejta dhe shërbime të tjera sociale në fushën e mbrojtjes sociale si dhe mjete për zbatimin e tyre. Ekziston një mundësi mjaft e gjerë që komuna të vendosë në mënyrë të pavarur se cilat shërbime sociale janë më të përshtatshme për nevojat e kësaj kategorie të qytetarëve nga komuna e tyre.



Обуката беше збогатена и со искуства од општините. Така, на првата обука, Анкица Кијајова, советник за социјална заштита во Општина Пробиштип, говореше за процесот на воспоставувањето на Општинскиот совет за социјална заштита, каде е изработен и усвоен Деловник за работа на Советот. Таа посочи и на искуството и придобивките од обуката што беше реализирана со поддршка на ЗЕЛС, а наменета за членовите на Општинскиот совет за социјална заштита. На втората обука, практични искуства пренесе претставникот од Општина Гостивар, Мартин Андоновски, од Одделението за локален економски развој, кој говореше за процесот на развивање на социјален план на општината, утврден со консултации со сите членови на Општинскиот совет за социјална заштита. Во периодот што претстои, ЗЕЛС ќе продолжи со активностите за јакнење на општинските капацитети во областа на социјалната заштита.

Trajnimi u pasurua edhe me përvojat e komunave. Në këtë mënyrë, në trajnimin e parë Ankica Kijajova, këshilltar për mbrojtje sociale në komunën e Probishtipit foli mbi procesin themelimit të Këshillit komunal për mbrojtje sociale, ku është përpiluar dhe miratuar Rregullorja e punës për këshillin. Ajo përmendi edhe përvojat dhe përfitimet nga trajnimi që u realizua me përkrahjen e BNJVL-së dhe i dedikuar për anëtarët e këshillit komunal për mbrojtje sociale. Në trajnimin e dytë, përvojat praktike i ndanë përfaqësuesi i Komunës së Gostivarit, Martin Andonovski, nga Seksioni për zhvillim ekonomik lokal, i cili foli mbi procesin e zhvillimit të planit social të komunës, të përcaktuar në konsultim me të gjithë anëtarët e këshillit komunal për mbrojtje sociale. BNJVL edhe në periudhën e ardhshme do të vazhdojë me aktivitetet për përforcimin e kapaciteteve komunale në fushën e mbrojtjes sociale.

## ПРЕДАДЕНА ДОНАЦИЈАТА ОД 48 ЛАПТОПИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИТЕ СЕМЕЈСТВА

Претставници од општините Битола, Велес и Штип на 5 април 2022 година, во административната зграда на ЗЕЛС, ја примија донацијата од вкупно 48 лаптопи за учениците од социјално ранливите семејства, утврдена во претходно склучените договори. Секоја од општините доби по 16 лаптопи. Во договорот, исто така е утврдено дека децата што ќе ги користат овие електронски уреди ќе добијат и соодветна обука за дигитална писменост. Овие лаптопи општините ќе ги предадат во трајна сопственост на училиштата кои се во нивна надлежност.

Целта на донацијата е да се задоволат образовните потреби на учениците од социјално ранливите семејства, односно да се овозможи нивно активно вклучување во процесот на дигиталното учење, чија примена е сè позастапена во образованието во нашата држава. Донацијата е обезбедена во рамките на проектот „Зајакнување на локалните капацитети за спроведување на Агендата 2030 и принципот **Никој да не биде изоставен**“, имплементиран од ЗЕЛС и Мрежата на асоцијации на локалните власти од ЈИЕ (НАЛАС), во соработка со ГИЗ, а во името на германското Сојузно министерство за економска соработка и развој. Овој проект има за цел да ги зајакне капацитетите на единиците на локалната самоуправа и да им даде поддршка во примената на социјалните пристапи, а со крајна цел - социјална инклузија на ранливите групи граѓани.

## U DORËZUAN 48 LAPTOPË, DONACION PËR NXËNËSIT NGA FAMILJET ME RREZIK SOCIAL

Përfaqësuesit e komunave: Manastir, Veles dhe Shtip, më 5 mars, 2022, në ndërtesën administrative të BNJVL-së, firmosën marrëveshje për pranim të donacionit të laptopëve për nxënësit e familjeve me rrezik social. Çdonjëra prej komunave morri nga 16 laptopa. Në marrëveshje, gjithashtu u përcaktua se fëmijët të cilët do të shfrytëzojnë këto aparate elektronike do të marrin trajnimin adekuat për mësim të digjital. Komunat, këto laptopa do t'i dorëzojnë në pronësi afatgjate në shkollat të cilat janë në kompetencë të tyre..

Qëllimi i donacionit është të kënaqen nevojat arsimore të fëmijëve që rrjedhin nga familjet me rrezik social, respektivisht, të mundësohet përfshirja e tyre aktive në procesin e mësimit digjital, zbatimi i të cilit është më i përfaqësuar në arsim në shtetin tonë. Donacioni u sigurua në kuadër të projektit „Përforcim i kapaciteteve lokale për zbatimin e Agjendës 2030 dhe parimit **Askush të mos mbetet i anashkaluar**", implementuar nga BNJVL dhe Rrjeti i asociacioneve të pushteteve lokale nga EJL (NALAS), në bashkëpunim me GIZ, ndërsa në emër të Ministrisë Federale Gjermane për bashkëpunim ekonomik dhe zhvillim. Ky Projekt ka për qëllim t'i përforcojë kapacitetet e njësive të vetëqeverisjes lokale dhe t'u japë përkrahje në zbatimin e qasjes sociale, ndërsa me qëllim përfundimtar – inkluzioni social të grupeve të rrezikuara të qytetarëve.





## ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ УСВОИ ЗНАЧАЈНИ ДОКУМЕНТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЗЕЛС ЗА 2021 ГОДИНА

## KUVENDI GJENERAL MIRATOI DOKUMENTE TË RËNDËSISHME NGA PUNA E BNJVL-SË PËR VITIN 2021




Генералното собрание на ЗЕЛС, на 26 април 2022 година, во хотелот „Александар палас", пред прославата на јубилејот - 50 години од основањето на ЗЕЛС, ја одржа втората седница. Делегатите беа информирани за активностите на Управниот одбор на ЗЕЛС за периодот од неговото конституирање па до оваа седница, а исто така, присутните ги разгледаа и ги усвоија значајните документи од финансиското работење и реализацијата на активностите на Заедницата за 2021 година.

Претседателката на ЗЕЛС, Данела Арсовска, во своето обраќање до делегатите посочи дека во претходните шест месеци, најголем предизвик за сите единици на локалната самоуправа беше негативното влијание на енергетската криза, која и понатаму претставува сериозна закана за планираниот развој и за ликвидноста на речиси сите општини. Во таа насока, Управниот одбор посвети

Kuvendi Gjeneral i BNJVL-së më 26 prill, 2022, në hotelin ,,Aleksandar Palas", para kremtimit të Jubileut – 50 vjet nga themelimi i BNJVL-së, mbajti seancën e dytë. Delegatët u informuan mbi aktivitetet e Bordit drejtues të BNJVL-së për periudhën nga konstituimi i tij e deri në këtë seancë, gjithashtu të pranishmit i shqyrtuan dhe miratuan dokumente të rëndësishme nga puna financiare dhe realizimi i aktiviteteve të Bashkësisë për vitin 2021.

Kryetarja e BNJVL-së, Danella Arsovska, në fjalimin e saj përmendi se në gjashtë muajt e kaluar si sfidë më e madhe me të cilën u ballafaquan të gjitha njësitë e vetëqeverisjes lokale ishte ndikimi negativ i energjisë elektrike, që edhe mëtej paraqet rrezik për zhvillimin e planifikuar për likuiditet të pothuajse të gjitha komunave. Në këtë drejtim Bordi drejtues i kushtoi













сериозно внимание на овој предизвик на сите шест седници што ги одржа во периодот декември 2021 – април 2022 година и уште на почетокот на годината, на 10 јануари, одржа седница на која донесе повеќе предлог-мерки за поддршка. Предлозите беа доставени до Владата на РСМ со цел изнаоѓање на заеднички решенија за намалување на влијанието на кризата врз општините. Досега, на оваа тема се одржани две средби со Владата. Првата, на 18 јануари 2022 година, кога присуствуваше раководството на ЗЕЛС, неколку претставници од Управниот одбор, министрите за финансии, за економија, за локална самоуправа и заменик-претседателот на Владата задолжен за економски прашања. Втората беше одржана на 30 март 2022, на која присуствуваше речиси целиот состав на УО и истите министри, но овојпат предводени од премиерот, Димитар Ковачевски. За жал, и по двете средби, сè уште нема конкретни одговори за најавените предлог-модели од нивна страна.

**Неопходна е поголема финансиска стабилност на општините**

Арсовска посочи дека ваквата состојба, всушност, е резултат на повеќедецениското потценување на локалната власт и нејзиното постојано држење во финансиска зависност, по што говореше и за ревидираните Систематизирани ставови на ЗЕЛС, најзначајниот документ на Заедницата во кој се опфатени сите приоритетни прашања на единиците на локалната самоуправа за натамошен развој на децентрализацијата и за подобрувањето на квалитетот на спроведувањето на префрлените надлежности. Како најважен дел во нив се ставовите за фискалната стабилност на локалната власт и барањата општините да добиваат средства од ДДВ најмалку 10 %, наместо сегашните 4,5 % и 50 % од персоналниот данок, наместо

vëmendje serioze kësaj sfide në gjashtë seancat që u realizuan në periudhën dhjetor 2021 – prill 2022 dhe që në fillim të vitit, më 10 janar, u mbajt seanca në të cilën miratoi shumë propozim-masa për përkrahje. Propozimet u parashtruan në Qeveri për gjetjen e zgjidhjeve të përbashkëta për dalje nga sfidat me krizën energjetike e të gjitha komunave. Deri më tani mbi këtë temë me Qeverinë u realizuan dy takime. I pari më 18 janar, 2022 në praninë e kryesisë së BNJVL-së dhe disa përfaqësues të Bordit drejtues nga ana e Qeverisë ishin ministrat për financa, për ekonomi, për vetëqeverisje lokale dhe zëvendës-kryeministër i Qeverisë i obliguar për çështje ekonomike. Takimi i dytë u mbajt më 30 mars, 2022 ku morrën pjesë pothuajse të gjithë anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së dhe përveç katër ministrave të njëjtë kësaj radhe mori pjesë edhe kryeministri Dimitar Kovaçevski. Për fat të keq takimi përsëri përfundoi pa zgjidhje konkrete dhe ende nuk kemi marrë një përgjigje me propozimet e modeleve të paralajmëruara.

**Stabilitet i domosdoshëm financiar i komunave**

Arsovska përmendi se gjendja e këtillë është në fakt si rezultat i nënvlerësimit të pushtetit lokal dekada me radhë dhe mbajtja e të njëjtit në një varësi afatgjate financiare, me ç’rast foli edhe mbi ,,Qëndrimet e sistematizuara të BNJVL-së” është dokumenti më i rëndësishëm i Bashkësisë i cili i mbulon të gjitha çështjet prioritare të njësive të vetëqeverisjes lokale për zhvillimin e mëtutjeshëm të decentralizimit dhe për përmirësimin e cilësisë së realizimit të kompetencave të transferuara. Si pjesë më e rëndësishme në to janë qëndrimet për stabilitetin fiskal të pushtetit lokal dhe kërkesa që komunat të marrin mjete nga së paku 10 % që tani është 4.5% ndërsa nga tatimi personal 50%, në







сегашните 3 %. Во таа насока беше изнесено и несогласувањето со предлог-измените на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, што се наоѓа во собраниска процедура.

Беше нагласена и средбата на раководството на ЗЕЛС со високи претставници од ЕВН, по добиената констатација од повеќе општини за забележано доцнење на исплатата на средствата од комуналната такса за улично осветлување. Управниот одбор ги разгледуваше и можностите за подобрување на финансиските приходи од сопствени извори, особено за обезбедување на објективниот број на решенија за данокот на имот. И тука, поголем број општини укажуваа дека Агенцијата за катастар на недвижности не ја спроведува законската обврска за префрлање на бараните податоци. ЗЕЛС го реафирмираше барањето, Агенцијата бесплатно да ги префрла податоците од имателите на имот на општините, како и заложбата за обезбедување на унифициран електронски систем за наплата на данокот на имот за сите општини.

Беше посочено дека на седниците на Управниот одбор се разгледувани и други прашања, како за трошоците за исплаќање на средства за надомест за извршените услуги за реализација на локалните избори, при што е констатирано отпочнување на иницијатива за законски измени, каде што општините ќе бидат ослободени од оваа обврска,особено што локалните избори ги спроведува ДИК и воедно ја утврдува цената за исплата на услугата. Теми на дискусија на седниците на УО на ЗЕЛС беа и состојбите во противпожарните служби, потоа за потребата од поголема покриеност со урбанистички планови, за зголемување на блок дотациите, за поддршка на руралните општини преку разни облици и концесии каде локалната власт ќе има значајна улога во донесувањето на одлуки и собирањето на поголем процент од финансиските средства и друго. Во консултација со сите општини, Управниот одбор го усвои и новиот Предлог-меморандум за соработка со Владата, бидејќи постојниот е склучен пред дваесетина години, односно на 5 март

vend të 3% aktual. Në këtë drejtim u parashtrua edhe mos-harmonizimi me propozim-ndryshimet në Ligjin për financim të njësive të vetëqeverisjes lokale, që është në procedurë parlamentare.

U theksua edhe takimi kryesisë së BNJVL-së me përfaqësuesit e lartë të EVN-së, pas njoftimit nga disa komuna se ka vonesa në pagesën e mjeteve nga taksat komunale për ndriçimin e rrugëve . Bordi Drejtues ka shqyrtuar edhe mundësitë për përmirësimin e të hyrave financiare nga burimet personale, veçanërisht në pjesën e sigurimit të numrit objektiv të vendimeve për tatimin në pronë. Edhe këtu numër i madh i komunave kanë treguar se Agjencia për Kadastër të Patundshmërive nuk e ka zbatuar obligimin ligjor për transferimin e të dhënave të kërkuara. BNJVL riafirmoi kërkesën që Agjencia të transferojë të dhënat nga pronarët e pronave të komunave pa pagesë, si dhe përkushtimin për sigurimin e sistemit të unifikuar elektronik për mbledhjen e tatimit në pronë për të gjitha komunat.

U theksua se në seancat e Bordit Drejtues janë shqyrtuar edhe çështje të tjera, siç janë shpenzimet për pagesën e kompensimit për shërbimet e ofruara për zgjedhjet lokale, si dhe u tha se një iniciativë për ndryshime ligjore, ku komunat do të përjashtohen nga ky obligim, aq më tepër që zgjedhjet lokale i mban KSHZ dhe përcakton edhe çmimin për pagesën e shërbimit. Tema të diskutimit në seancat e Bordit drejtues të BNJVL-së ishin edhe gjendjet në shërbimet e zjarrfikësve, pastaj nevoja për mbulim më të madh me plane urbanistike, shtimi i bllok-dotacioneve, përkrahja e komunave rurale përmes formave dhe koncesioneve të ndryshme ku pushteti lokal do të luajë një rol të rëndësishëm rolin në vendimmarrje dhe mbledhjen e një përqindjeje më të madhe të mjeteve etj. Në konsultim me të gjitha komunat, Bordi drejtues miratoi Propozimin e ri - Memorandumin e Bashkëpunimit me Qeverinë, sepse memorandumi ekzistues është lidhur para gati njëzet















2003 година. Предлог-меморандумот се наоѓа на разгледување од Владата.

**Апел за поголема вклученост на општините при разгледувањето на иницијативите, барањата, предлог-законските решенија доставени од ЗЕЛС**

Во своето обраќање до делегатите на Генералното собрание, претседателката на ЗЕЛС, Данела Арсовска апелираше до претставниците од општините за нивна поголема вклученост при разгледувањето на сите заклучоци на УО, барања, документи и закони што ги доставува стручната служба на ЗЕЛС по електронски пат и за кои бара одговори со конкретни ставови и мислења за нив.

На седницата, извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, го презентираше Извештајот за реализацијата на буџетот на ЗЕЛС за 2021 година. Таа посочи дека најголемиот дел од приходите на ЗЕЛС доаѓаат од членарината на нејзините членки, при што нагласи дека наплатата треба да е редовна и континуирана, а онаму каде што има нереализирани долгови, да се утврди најповолниот начин за нивно подмирување. Исто така, ЗЕЛС и оваа година го публикува Годишниот извештај на ЗЕЛС за 2021 година, кој им беше поделен на сите делегати на Собранието, а каде на транспарентен начин, преку текст, слики и дијаграми се претставени сите активности на органите и телата на ЗЕЛС, реализирани претходната година, како и приходите и расходите разграничени по соодветни ставки. Во Ревизорскиот извештај, подготвен од независна ревизорска компанија, е посочено дека финансиските извештаи во сите материјално значајни аспекти, ја презентираат реално финансиската состојба во ЗЕЛС, како и нејзината финансиска успешност, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации. Присутните едногласно ги усвоија сите значајни документи од работењето на ЗЕЛС за 2021 година и ѝ посакаа успешни активности и за оваа 2022 година.

viteve, gjegjësisht më 5 mars 2003 dhe i njëjti është në shqyrtim nga Qeveria.

**Apel për përfshirje më të madhe të komunave gjatë shqyrtimit të iniciativave, kërkesave, propozim-aktvendimet ligjore, të cilat janë parashtruar në BNJVL**

Kryetarja e BNJVL-së, Danella Arsovska, në fjalimin e saj para delegatëve të Kuvendit të Gjeneral, apeloi deri te përfaqësuesit e komunave për angazhim më të madh në shqyrtimin e të gjitha konkluzioneve të Bordit drejtues, kërkesave, dokumenteve dhe ligjeve të dorëzuara nga shërbimi profesional i BNJVL-së në mënyrë elektronike dhe mbi të cilat kërkon përgjigje konkrete me pikëpamje dhe mendime konkrete për to.

Në seancë, drejtori ekzekutiv i BNJVL-së, Dushica Perishiq, prezantoi Raportin për realizimin e Buxhetit të BNJVL-së për vitin 2021. Ajo përmendi se një pjesë më e madhe e të hyrave të BNJVL-së vjen nga anëtarësia e anëtareve të saj, me ç'rast përmendi se arkëtimi duhet të jetë i rregullt dhe i vazhdueshëm, ndërsa aty ku ka borxhe të parealizuara duhet të përçohet mënyra më e volitshme për pagesën e tyre. Gjithashtu, BNJVL edhe këtë vit publikoi ,,Raportin vjetor të BNJVL-së për vitin 2021", që i'u nda të gjithë delegatëve të Kuvendit, ndërsa ku në mënyrë transparente përmes tekstit dhe fotografive dhe diagrameve u prezantuan të gjitha aktivitetet e organeve dhe trupave të BNJVL-së, të realizuara nga viti i kaluar, si dhe të hyrat dhe shpenzimet e përkufizuara në pikët përkatëse. Në raportin auditiv, të përpiluar nga ana e kompanisë së pavarur auditive u përmend se raportet financiare në të gjitha aspektet e rëndësishme materiale, prezantojnë gjendjen financiare në BNJVL, si dhe suksesin financiar të saj, konform Ligjit për kontabilitet të organizatave jofitimprurëse. Të pranishmit unanimisht miratuan të gjitha dokumentet e rëndësishme nga puna e BNJVL-së për vitin 2021 dhe i dëshiruan aktivitete të suksesshme edhe për vitin.





## „ЗЕЛС 50 ГОДИНИ ЗАЕДНО СО ОПШТИНИТЕ“ - СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЈУБИЛЕЈОТ НА ЗЕЛС




„ЗЕЛС денес го прославува јубилејот - 50 години од основањето, под наслов „ЗЕЛС 50 години заедно со општините“. Мал е бројот на асоцијации што можат да се пофалат со ваква импозантна бројка на сопствено континуирано градење и развивање. ЗЕЛС педесетгодишната работа неуморно ја посвети на создавање систем на локална самоуправа по мерка на граѓаните и прерасна во авторитативна, респектирана и моќна заедница.“

Ова го истакна претседателката на ЗЕЛС, Данела Арсовска, на почетокот на своето обраќање на свеченоста што беше организирана во хотелот „Александар Палас“ на 26 април, датумот кога во далечната 1972 година е основана тогашната Заедница на општините и градовите на Македонија (ЗОГМ) и кој во Статутот на ЗЕЛС е утврден како Ден на ЗЕЛС и Ден на општините.

На настанот присуствуваа актуелните градоначалници и претставници од Комитетот на советите при ЗЕЛС, повеќе министри и заменици-министри од Владата на РСМ, високи претставници од дипломатскиот кор, како и значајни личности кои со своите заложби придонеле за досегашниот развој на ЗЕЛС и на процесот на децентрализација на

